Република Македонија
Општина Новаци
Бр. 07-197/4
17.02.2014 год
Новаци

Врз основа на член 78 од Изборниот законик (Службен весник на РМ бр. 40/06, 32/2014), а во врска со член 21 и 46 од Статутот на Општина Новаци (Службен гласник бр. 5/2002), Советот на Општина Новаци на ден 17-02-2014 година, донесе

# ОДЛУКА

За утврдување и обележување места за истакнување на изборни плакати за Претседателски избори 2014 година, за Претседател на Република Македонија

## Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат местата на кои е дозволено да се истакнуваат изборни плакати за Претседателски избори 2014 година, за претседател на Република Македонија, и се обезбедуваат еднакви услови за сите организатори на изборната кампања.

## Член 2

Истакнувањето на изборните плакати за Претседателските избори 2014 година, за Претседател на Република Македонија, 2014 година започнува од 24-03-2014 г. /00,00 часот/ и завршува на 11-04-2014 г.во 24,00 ч.

На утврдените места организаторите на изборната кампања можат да поставуваат свои подвижни паноа со залепени плакати распоредени во линија, под услов да не се попречува видикот на другите паноа, но не повеќе од 3 паноа на една локација од секој организатор на изборната кампања.

## Член 3

Без надоместок изборни плакати можат да се истакнуваат на електрични столбови на висина над 3 метри.

Изборните плакати можат да се истакнуваат без надоместок на слободните површини погодни за таква намена, и на стамбени и други приватни објекти, со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

## Член 4

Не се дозволува лепење плакати на објекти и фасади под заштита, односно на културно-историски споменици, спомен обележја и бисти, телефонски и електрични кабли.

**Член 5**

Дополнителните места за истакнување на изборни плакати со надоместок се утврдуваат врз основа на барање на организаторот на изборната кампања по претходна согласност на Одделението за комунални работи .

Барањато за користење дополнителни места за истанување паноа со изборни плакати се доставува најдоцна 3 дена пред денот определен за почеток на изборната кампања.

**Член 6**

Организаторите на изборната кампања , во рок од 30 дена по завршувањето на изборите должни се да ги отстранат своите паноа и плакати од објектите и просторот.

**Член 7**

Непридржувањето кон утврдените места и определените услови повлекува казна за сторен прекршок според канените одредби од Изборниот законик.

**Член 9**

Надзорот над примената на оваа одлука ќе го врши Општинскиот инспекторат.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Совет на Општина Новаци
Претседател

Пецо Мицевски